Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 28 март 2025 година**

Скопје, март 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 28 март 2025 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 15:10 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата учествуваше и м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

На седницата учествуваа и Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и м-р Марија Митева и Венера Азизи-Љатифи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија

На седницата не учествуваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година

2. Предлог-одлука за денот и моментот на воведувањето и денот и моментот на завршувањето на летното сметање на времето во 2025 година

3. Прашања и предлози

*

*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Предлог–одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерството за здравство по службена должност да достави податоци до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија за лицето кое е упатено на болничко лекување и членовите во својство на придружба на пациентите кои се лекуваат во странство.

3. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да доставува до Владата на Република Северна Македонија извештај за реализација на одобрените средства.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за денот и моментот на воведувањето и денот и моментот на завршувањето на летното сметање на времето во 2025 година.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*　　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:20 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
| --- | --- |
| Игор Јанушев | Љупчо Димовски |

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Христијан Николов, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |